| Република Македонија<br>Министерство<br>за транспорт и врски | | Република Македонија<br>Биро за метрологија<br>Скопје |
|---|---|---|

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр. 02-3727
04. 03. 2015 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 0307-801/1
03.03 2015 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА

Склучен во Скопје на ____________ 2015 година, помеѓу:
Министерство за транспорт и врски претставувано од г-дин Миле Јанакиески, министер (во понатамошниот текст: МТВ),
и
Биро за метрологија – Скопје ____________ претставувано од г-дин м-р Димитар Парнарџиев, директор (во натамошниот текст: Бирото).

Со оглед на делокругот на работа на страните, и потребата од непосредна соработка помеѓу истите која ќе ја зголеми ефикасноста во остварувањето на надлежностите доверени на страните, а со самото тоа ќе придонесе за зголемување на ефикасноста при регистрацијата на моторните возила, подобрување на ефикасноста на наплата на јавните давачки, зголемување на безбедноста на сообраќајот и воедно за подобрување на целото деловно окружување, страните го склучија овој Меморандум за соработка.
Истотака ќе се зголеми надзорот и контролата на движењето на документацијата, а воедно и ќе се намалат и грешките при користење на податоците.
Овој Меморандум е склучен согласно позитивните законски прописи кои го уредуваат работењето на страните, кој воедно ја определуваат општата законска рамка за соработка на страните.
Целта на Меморандумот за разбирање и соработка е да обезбеди подобрување на ефикасноста на наплата на јавните давачки кои странките се должни да ги уплатуваат во Буџетот на Република Македонија при технички преглед и регистрација на моторните возила преку изработка на софтверска апликација за таа намена како и да го модернизира и да го направи поефикасен начинот на евиденција на наплата на јавните давачки со што ќе се овозможи увид во наплатата која ја извршуваат правните субјекти кои даваат услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила.
Со овој вид на соработка ќе се зголеми надзорот и контролата на движењето на документацијата, ќе се намалат грешките при користење на податоците, а ќе се намали и времето на изработка на одредени документи со што ќе се зголеми ефикасноста и на двете институции.
Страните го согледаа значењето на електонските апликации воопшто, како дел од процесот на воспоставување на транспарентен и одговорен јавен сектор.
Притоа страните се согласија за следното: